ПОСТАВКИ НА ВЕРАТА

НА ЦРКВАТА НА ИСУС ХРИСТОС НА СВЕТЦИТЕ ОД ПОДОЦНЕЖНИТЕ ДНИ

ВЕРУВАМЕ ВО БОГА, Вечниот Отец, и во Неговиот Син Исус Христос и во Светиот Дух.

2 Веруваме дека луѓето ќе бидат казнети поради сопствените гревови, а не поради престапот на Адам.

3 Веруваме дека преку помирението на Христос, сите луѓе можат да бидат спасени преку покорување на законите и обредите на Евангелието.

4 Веруваме дека првите принципи и обреди на Евангелието се: прво, вера во Господ Исус Христос; второ, покајание; трето, крштавање со потопување за ослободување од гревовите; четврто, ракополагање за дарот на Светиот Дух.

5 Веруваме дека човекот мора да биде повикан од Бога, преку пророштво и ракополагање од оние што имаат овластување, за да го проповеда Евангелието и да ги извршува неговите обреди.

6 Веруваме во истото устројство што постоеше во првобитната Црква и тоа апостоли, пророци, пастири, учители, евангелисти и така натаму.

7 Веруваме во дар за јазици, пророштво, откровение, виденија, исцелување, толкување на јазици и така натаму.

8 Веруваме дека Библијата е словото на Бога, до онаа мера до која е преведена точно; исто така, веруваме дека Книгата на Мормон е словото на Бога.

9 Веруваме во сè што откриваше Бог, во сè што открива сега и веруваме дека Тој допрва ќе открие многу големи и важни нешта за царството Божјо.

10 Веруваме во буквално собирање на Израил и во обновувањето на десетте племиња; веруваме дека Сион (Новиот Ерусалим) ќе биде изграден на американскиот континент; дека Христос лично ќе управува на земјата; и дека земјата ќе биде обновена и ќе ја прими својата рајска слава.

11 Полагаме право на привилегијата да Му се поклонуваме на Семоќниот Бог, според гласот на нашата сопствена совест, и да им ја допуштиме на сите луѓе истата привилегија, да им допуштиме да се поклонуваат на свој начин, во свое место и како што можат.

12 Веруваме дека сме под управа на кралеви, претседатели, управители и чиновници, покорни сме на законот, го почитуваме и го поддржуваме.

13 Веруваме дека треба да бидеме чесни, верни, морално чисти, добронамерни, доблесни и да им правиме добро на сите луѓе; всушност, можеме да речеме дека ја почитуваме опомената на Павле—веруваме во сè, се надеваме на сè, многу сме истрпеле и се надеваме дека ќе бидеме способни сè да истрпиме. Ако постои нешто доблесно, љубезно, што е наречено добро или достојно за пофалба, ние го бараме тоа.

ЈОЗЕФ СМИТ.

Unofficial poster layout of the text published on churchofjesuschrist.org. Not an official publication of The Church of Jesus Christ of Latter-day Saints. Generated by Urim, urim.samuelbaird.com